# Food safety and emergency power failure

# Безбедноста на храната при снемување струја во итен случај

Macedonian

## Што треба да сторам за да ја зачувам храната безбедна?

- Најважно е да се обидете студената и смрзнатата храна да ја зачувате студена. Ако храната е се уште студена на допир, под 5°Ц, безбедно е да се користи.

## Пред и по снемувањето струја

- Обидете се студената и смрзнатата храна да ја зачувате студена. Ако храната е се уште студена на допир, под 5°Ц, безбедно е да се користи.
- Штом студената или смрзната храна веќе не е студена на допир, односно има 5°Ц или повеќе, може да ја чувате и да ја изедете во рок од 4 часа, а потоа мора да ја фрлите или, ако се работи за живо месо, треба да го зготвите и да го изедете.
- Изедете ја топлата храна во рок од 4 часа откако била топла, или фрлете ја.
- Ако дојде струја додека смрзнатата храна е се уште студена на допир, под 5°Ц, безбедно е повторно да ја замрзнете храната.

## Работи што може да ги направам кога нема струја

- Префрлете ја храната од фрижидерот во замрзнувачот.
- Ако имате мраз, ставете го под пакетчињата со храна и под полиците во замрзнувачите и фрижидерите ако нема струја подолго од еден час.
- Ставете ќебе за изолација врз студената или смрзната храна кога е тоа можно.
- Отворајте ја вратата од фрижидерот и од замрзнувачот само кога морате. На тој начин храната и температурата на воздухот ќе останат подолго време постудени.

## Список за проверка за чувањето храна

Користете го овој список за да проверите дали храната што ја подготвувате е сосем безбедна.

- Обидете се студената и смрзнатата храна да ја зачувате студена. Ако храната е се уште студена на допир, под 5°Ц, безбедно е да се користи.
- Отворајте ја вратата од фрижидерот и од замрзнувачот само кога морате. На тој начин храната и температурата на воздухот ќе останат подолго време постудени.
- Ако имате мраз, ставете го под пакетчињата со храна и под полиците во замрзнувачите и фрижидерите ако нема струја подолго од еден час.
- Ставете ќебе за изолација врз студената или смрзната храна кога е тоа можно.
- Штом студената или смрзната храна веќе не е студена на допир, 5°Ц или повеќе, може да ја чувате и да ја изедете во рок од 4 часа, а потоа мора да ја фрлите.
- Ако имате топла храна, изедете ја во рок од 4 часа откако била топла, или фрлете ја.
- Ако дојде струја додека смрзнатата храна е се уште студена на допир, под 5°Ц, безбедно е повторно да ја замрзнете храната.

Издава Department of Human Services (Оддел за општествени служби), Food Safety Unit (Одделение за безбедност на храната)

Датум на издавање: јануари 2006 г.